20120310897

АГЕНЦИЈАТА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 58, став 5 од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/10, 53/11и 1/12), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

ПРАВИЛНИК ЗА АДИТИВИТЕ ШТО СЕ УПОТРЕБУВААТ ВО ПРОИЗВОДСТВО НА ХРАНАТА (*)

Поглавје I

Општи одредби

Член 1
Предмет

Со овој правилник се пропишуваат адитивите што можат да се употребуваат во производството на храна, максималните количини на одделни адитиви во производот, информациите во однос на адитивите што се содржани во храната на пакувањето и придружната документација и квалитативната и квантитативната содржина на адитивите или на храната што содржи адитиви.

Член 2
Цел

Целта на овој правилник е да се обезбеди ефикасно функционирање на внатрешниот пазар и обезбедување високо ниво на заштита на здравјето на човекот, заштита на потрошувачите, фер трговски пракси, и каде што е соодветно, заштита на животната средина.

Член 3
Опсег

Одредбите од овој правилник се однесуваат за:

(а) адитивите наменети за употреба во специфична храна;

(б) аромите кои се користат или се наменети да се користат во и на храната;

(в) состојките на храната со својства на ароми;

(г) храната која содржи ароми и/или состојки на храна со својства на ароми;

(д) изворните материјали за ароми и/или изворни материјали за состојки на храната со својства на ароми;

(ѓ) прехранбените ензими и

(е) употребата на прехранбените ензими во одредени видови храна.

---

* Со овој правилник се врши усогласување на Регулатива (ЕЗ) бр. 1333/2008 на Европскиот Парламент и на Советот од 16 декември 2008 година за прехранбени адитиви (CELEX број 32008R1333), Регулатива (ЕК) бр. 1332/2008 на на Европскиот Парламент и на Советот од 16 декември 2008 година за прехранбени ензими и за изменување на Директивата 83/417/ЕЕЗ на Советот, Регулативата (ЕК) бр. 1493/1999 на Советот, Директивата бр. 2000/13/ЕС на Советот, Директивата 2001/112/ЕК на Советот и Регулативата (ЕК) бр. 258/97 на Советот (CELEX број 32008R1332), Регулатива (ЕЗ) бр. 1334/2008 на Европскиот Парламент и на Советот од 16 декември 2008 година за аромите и одредени состојки на храна со особености на ароми за употреба во и на храна и за изменување на Регулативата (ЕЕЗ) бр. 1601/91 на Советот, Регулативите (ЕЗ) бр. 2232/96 и (ЕЗ) бр.110/2008 на Советот и Директивата бр. 2000/13/ЕЗ на Советот (CELEX број 32008R1334), Регулатива на Комисијата бр. 1129/2011 од 11 ноември 2011 година за изменување на Анекс II од Регулативата (ЕС) бр. 1333/2008 на Европскиот Парламент и на Советот со воспоставување на Листа на Заедницата на адитиви кои се употребуваат во храната (CELEX број 32011R1129), Регулатива на Комисијата (ЕУ) Бр 1131/2011 од 11 Ноември 2011 за изменување на Анекс II од Регулативата (ЕК) бр 1333/2008 на Европскиот Парламент и на Советот во врска со стевиол гликозиди (CELEX бр. 32011R1131) и Регулатива на Комисијата (ЕУ) бр. 1130/2011 од 11 ноември 2011 година за изменување на Анекс III од Регулативата (ЕК) на Листа на Заедницата на дозволени адитиви за употреба во адитиви на храна, ензими за храна, ароми за храна и нутриенси (CELEX бр. 32011R1130).

Член 4
Исклучок од примена

Одредбите од овој правилник не се однесуваат на следниве супстанции, освен ако тие не се употребуваат како адитиви, и тоа:

(а) помошни технолошки средства;
(б) супстанциии кои се користат за заштита на растенијата и растителните производи;
(в) супстанциии додадени во храната како хранливи материи;
(г) супстанциии што се користат за обработка на водата наменета за консумирање од страна на човекот, како што е пропишано во Правилникот за безбедност на водата[1].

Одредбите од овој правилник не се однесуваат на:

(д) супстанциии кои имаат исклучително сладок, кисел или солен вкус;
(ѓ) сурова храна;
(е) несложена храна и мешавини како што се, но не исклучиво, свежи, суви или замрзнати зачини и/или билки, мешавини на чај и мешавини за инфузии како такви, доколку не се користат како состојки на храната и
(ж) микробиолошките култури кои традиционално се употребуваат во производство на храна и кои можат случајно да произведат ензими, но кои не се користат специјално за нивно производство.

Член 5
Поими

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1. „адитив“ е секоја супстанциија која нормално не се консумира како храна и нормално не се користи како карактеристична состојка на храната, без оглед дали има или не хранлива вредност и која намерно се додава во храната за технолошка намена во производството, преработката, подготовката, обработката, пакувањето, транспортот или складирањето на храната или може рационално да се очекува да биде присутна во неа или нејзините производи, постанувајќи директно или индиректно компонента на таквите видови храна како и супстанцииите кои се слични на адитивите и тоа: ароми, помошни технолошки средства и ензими, освен:

   (а) моносахариди, дисахариди или олигосахарди и храна што ги содржи овие супстанциии употребени поради нивните својства на засладување;

   (б) храна, во сушена или концентрирана форма, вклучувајќи ги и аромите кои се додаваат во текот на производство на сложена храна, поради нивните ароматични, вкусови или нутритивни својства, заедно со нивниот секундарен ефект на боење;

   (в) супстанциии што се користат во материјали за покривање или обложување, кои не се дел од храната и не се наменети за консумирање заедно со храната;

   (г) производи кои содржат пектин и кои произлегуваат од пулпа на исушено јаболко или кора од агруми или дуњи или пак од нивна мешавина, со дејство на разредена киселина, проследено со делумна неутрализација со соли на натриум или калиум (течен пектин);

   (д) бази за гуми за џвакање;

   (ѓ) бел или жолт декстрин, печен или декстринизиран скроб, скроб модифициран со киселинска или алкална обработка, избелен скроб, физички модифициран скроб и скроб обработен со амилолитички ензими;

   (е) амониум хлорид;

   (ж) крвна плазма, желатин за јадење, хидролизати од протеини и нивни соли, млечни

протеини и глутен;

(з) амино киселини и нивните соли различни од глутаминска киселина, глицин, цистеин и цистин и нивните соли кои немаат технолошка функција;

(ѕ) казеинати и казеин и

(и) инулин.

2. „помошно технолошко средство“ е секоја супстанциија која што:

(а) не се консумира како храна, сама по себе;

(б) намерно се користи во обработката на суровините, храната или нејзините состојки, за да се исполни одредена технолошка цел во текот на постапката или обработката; и

(в) може да резултира во ненамерно, но технички неизбежно присуство на остатоци на супстанциијата или неговите деривати во финалниот производ под услов тие да не претставуваат било каков ризик по здравјето и да немаат било какво технолошко влијание врз финалниот производ.

3. „функционални класи“ се: засладувачи, бои, конзерванси, антиоксиданси, носачи, киселини, регулатори на киселост, агенси против стврднување, агенси против пенење, агенси за зголемување на волуменот, емулгатори, соли за емулгација, агенси за зацврстување, засилувачи на аромата, агенси за пенење, агенси за желатинизирање, агенси за глазирање, хигроскопни средства, модифицирани скробови, гасови за пакување, пропеланти, агенси за нараснување, секвестранти, стабилизатори, згуснувачи и средства за третман на брашно, кои се дадени во Прилог 1 - Функционални класи на адитиви во храна, адитиви и ензими кои се категоризирани врз основа на технолошката функција која адитивот ја има во прехранбениот производ;

4. „непреработена храна“ е храна, која не подлежи на никаква обработка што резултира со значителна промена од почетната состојба на храната, заради што следниве операции, одделно, не се сметаат за операции кои предизвикуваат значителни промени: поделба, разделба, кинење, одкостување, дробење, дерење, кастрење, пилинг, мелење, сечење, чистење, средување, замрзнување, ладење, ситно мелење, лупење, пакување или отпакување;

5. „храна без додаден шеќер“ е храна без:

(а) додадени моносахариди или дисахариди и

(б) додадена храна која содржи моносахариди или дисахариди кои што се употребуваат поради нивните својства на засладување.

6. „ниско енергетска храна“ е храна со намалена енергетска вредност за најмалку 30% во споредба со оригиналната храна или со сличен производ;

7. „трпезни засладувачи" се препарати од дозволени засладувачи, кои можат да содржат други адитиви и/или прехранбени состојки и кои што се наменети за продажба до финалниот потрошувач, како замена за шеќер;

8. „quantum satis“ е ознака која означува дека не е одредено максималното нумеричко ниво и супстанциите треба да се употребат во согласност со добрата производна пракса, на ниво не повисоко отколку што е потребно, за да се постигне планираната цел и под услов потрошувачот да не се доведе во заблуда.

9. „ароми“ се производи кои:

(а) не се наменети за консумирање како такви и кои се додадени на храната со цел да и дадат или да и го променат мирисот и/или вкусот и

(б) се произведени или се состојат од следниве категории: ароматични супстанциии, ароматични препарати, ароми добиени со термална постапка, ароми на чад, ароматични прекурсори или други ароми или мешавини на истите;

10. „ароматична супстанциија“ е дефинирана хемиска супстанциа со особености на арома;

11. „природна ароматична супстанциија“ е ароматична супстанциија која е природно присутна во природата, а е добиена со соодветни физички, ензимски или микробиолошки процеси од материјал од растително, животинско или микробиолошко потекло, или во сурова состојба или после преработката за консумација од луѓето со една или повеќе традиционални постапки за припрема на храна наведени во Прилог 7 - Листа на традиционални постапки за подготовка на храна, кој е составен дел на овој правилник;

12. „ароматичен препарат“ е производ различен од ароматична супстанциа, добиен од:

(а) храна добиена со соодветни физички, ензимски или микробиолошки процеси, или во сурова состојба на материјалот или после преработката за консумација од луѓето со една или повеќе традиционални постапки за припрема на храна наведени во Прилог 7 од овој правилник и/или

(б) материјал од растително, животинско или микробиолошки потекло различен од храна, добиен со соодветни физички, ензимски или микробиолошки процеси, при што материјалот се зема како таков или подготвен со една или повеќе традиционални постапки за припрема на храна наведени во Прилог 7 од овој правилник;

13. „арома добиена со термичка постапка“ е производ добиен после третман со загревање од мешавина на состојки за кои не е неопходно да имаат својства на ароми, од кои барем една содржи азот (амино) и друга е редуцирачки шеќер. Состојките за производство на ароми добиени со термичка постапка може да бидат:

(а) храна и/или

(б) изворен материјал различен од храна;

14. „арома на чад“ е производ добиен со фракционирање и прочистување на кондензиран чад, при што настануваат примарни кондензати на чад, примарни фракции на катран и/или добиени ароми на чад;

15. „прекурсор на арома“ е производ, кој не е неопходно да има особини на арома, кој се додава на храната со единствена цел за производство на арома со негово разградување или реакција со другите компоненти за време на преработката на храна. Прекурсорот на арома може да се добие од:

(а) храна и/или;

(б) изворен материјал различен од храна;

16. „друга арома“ е арома додадена или е наменета да биде додадена на храната со цел да даде мирис и/или вкус и која не спаѓа во опсегот на дефинициите од точка 9 до точка 15 на овој член;

17. „состојка на храна со особености на арома“ е состојка на храна различна од арома, која може да биде додадена во храната со цел додавање арома или модифицирање на истата, која значително придонесува за постоењето на одредени несакани супстанции кои природно се појавуваат во храната;

18. „изворен материјал“ е материјал од растително, животинско, микробиолошко или минерално потекло од кое се произведени аромите или состојките на храната со својство на ароми. Тој може да биде:

    (а) храна или

    (б) изворен материјал различен од храна;

19. „соодветен физички процес“ е физички процес кој не ја модифицира намерно хемиската природа на компонентите на аромата, без да е во спротивност со листата на традиционалните постапки за подготовка на храна наведена во Прилог 7 од овој правилник, и не вклучува, меѓу другото, користење на молекуларен кислород, озон, неоргански катализатори, метални катализатори, органометалски реагенси и/или УВ зрачење;

20. "прехранбен ензим" е производ добиен од растенија, животни, микроорганизми или производи добиени од нив, вклучувајќи производ добиен со ферментациски процеси под дејство на микроорганизми кои:

    (а) содржат еден или повеќе ензими способни да катализираат одредена биохемиска реакција и

    (б) се додадени во храната за технолошки цели во било која фаза на производството, преработката, подготовката, третманот, пакувањето, транспортот или складирањето на храна и

21. "прехранбен ензимски препарат" е формула што се состои од еден или повеќе прехранбени ензими во која што супстанциите како адитивите и/или други прехранбени состојки се вклучени заради олеснување на складирањето, продажбата, стандардизацијата, растворувањето или разредувањето.

За целите на дефинициите дадени во став 1, точки 12, 13, 15 и 18 од овој член, изворните материјали за кои постојат значајни докази за употреба во производството на ароми се сметаат за храна во смисла на овој правилник.

Поглавје II

Адитиви што можат да се употребуваат во производство на храна и максимални количини на одделни адитиви во производот

Член 6
Функционални класи на адитивите

Адитивите се вклучени во листите од Прилог 2 - Листа на адитиви дозволени за употреба во храна како и услови за нивна употреба и Прилог 3 - Листа на адитиви за употреба во храна вклучувајќи носачи дозволени за употреба во адитиви во храна, ензими, ароми, нутриенси и условите за нивна употреба, кои се составен дел од овој правилник, на една од функционалните класи од Прилог 1 - Функционални класи на адитиви во храна, адитиви и ензими кој е составен дел од овој правилник, врз основа на главната технолошка функција на адитивот.

Распоредувањето на адитивите во една од функционалните класи, не ја исклучува можноста истиот да се користи за неколку функции.

Член 7
Спецификации на адитивите

Спецификациите на адитивите, посебно поврзани со потеклото, критериумите за чистота и сите други потребни информации, се донесуваат кога адитивот за прв пат се вклучува во листите во Прилозите 2 и 3 на овој правилник.

Член 8
Листи на одобрени адитиви, ароми и прехранбени ензими

Само адитивите вклучени во листата дадена во Прилог 2 на овој правилник, можат да бидат пласирани на пазарот како такви и употребени во храната во согласност со условите за употреба, определени за нив.

Само адитивите вклучени во листата во Прилог 3 на овој правилник, можат да бидат употребени во адитивите, прехранбените ензими и ароми, во согласност со условите за употреба определени за нив.

Адитивите во Прилог 2 на овој правилник, се наведени врз основа на категориите на храна во која тие можат да бидат додадени.

Адитивите во Прилог 3 на овој правилник, се наведени врз основа на адитивите, прехранбените ензими, ароми и хранливите материи или категориите на кои можат да бидат додадени.

Адитивите треба да бидат во согласност со спецификациите од член 7 на овој правилник.

На пазарот се пласираат аромите и изворните материјали наведени во член 14 од овој правилник, кои се вклучени во Прилог 6 – Листа на ароми и изворни материјали одобрени за употреба во и на храната, кој е составен дел на овој правилник, според условите за употреба кои се определени во истата.

На пазарот се пласираат прехранбените ензими вклучени во Прилог 11 – Листа на ензимски препарати кој е составен дел на овој правилник, според барањата за нивна употреба од член 22 став 2 и 3 на овој правилник.

Член 9
Услови за ставање во промет

На пазарот се пласираат адитивите или било каква храна која содржи такви адитиви; арома или каква било храна која содржи таква арома и/или состојки на храна со особини на арома; прехранбен ензим или било каква храна која содржи таков ензим, кои ги исполнуваат барањата утврдени со овој правилник.

Член 10
Општи услови за вклучување и употреба на адитиви, ароми и прехранбени ензими во Листите на одобрени адитиви, ароми и прехранбени ензими

Адитивите, аромите, состојките на храната со особености на ароми и прехранбените ензими може да бидат вклучени во листите од Прилозите 2, 3, 6 и 11 на овој правилник, ако покрај барањата утврдени со Законот за безбедност на храната[2], ги исполнуваат и следните барања:

(а) врз основа на достапни научни докази, не претставуваат опасност за здравјето на потрошувачот согласно намената за која се применуваат;

(б) постои рационална технолошка потреба која не може да се постигне со други економски и технолошки изводливи средства и

(в) нивната употреба не го доведува во заблуда потрошувачот.

Во Прилозите 2 и 3 од овој правилник се содржани адитивите кои се во корист на потрошувачите и се во согласност со еден или повеќе од наведените цели:

(а) зачувување на нутритивниот квалитет на храната;

(б) обезбедување на потребните состојки на видовите храна произведена за групи на потрошувачи со посебни нутритивни потреби;

(в) зголемување на зачувувањето на квалитетот или стабилноста на храната или подобрување на нејзините органолептички својства, под услов да не се менува природата, супстанциата или квалитетот на храната, на начин што ќе го доведе потрошувачот во заблуда и

(г) помагање во производството, преработката, подготовката, обработката, пакувањето, транспортот или складирањето на храна, вклучувајќи ги и прехранбените адитиви, ензими и ароми, под услов прехранбениот адитив да не се користи со цел да ги прикрие ефектите од употребата на неисправни суровини или на било какви непожелни и нехигиенски практики или техники, во текот на сите претходни активности.

По исклучок од став 2, точка (а) од овој член, адитивите што го намалуваат нутритивниот квалитет на храната можат да бидат вклучени во листата дадена во Прилог 2 на овој правилник доколку:

(а) храната не претставува значајна компонента во нормалната исхрана или

(б) прехранбениот адитив е потребен за производство на храна за групи на потрошувачи со посебни нутритивни потреби.

Член 11
Специфични барања за засладувачи

Адитивот е вклучен во листата дадена во Прилог 2 на овој правилник, во функционалната класа на засладувачи, само во случаите кога покрај тоа што исполнува еден или повеќе од целите утврдени во член 10, став 2 од овој правилник, се употребува и за еден или повеќе од следните цели:

(а) замена на шеќерите за производство на ниско енергетска храна, храна која не предизвикува кариес или храна без додадени шеќери; или

(б) замена на шеќерите кога со тоа се овозможува зголемување на рокот на траење на храната или

(в) производство на храна наменета за посебна нутритивна употреба.

Член 12
Специфични услови за бои

Адитивот е вклучен во листата дадена во Прилог 2 на овој правилник, во функционалната класа на боја, само во случаите кога покрај тоа што се употребува за еден или повеќе од целите утврдени во член 10, став 2 од овој правилник, се употребува и за еден или повеќе од следните цели:

(а) враќање на првобитниот изглед на храната, чија боја е изменета при преработка, складирање, пакување и дистрибуција, на начин што може да е нарушена визуелната прифатливост;

(б) постигнување на поголема визуелна привлечност на храната и

(в) давање боја на храната, која е безбојна.

Член 13
Ароми и состојки на храната со особини на ароми за кои не се потребни проценка и одобрување

Следните ароми и состојки на храната со особини на ароми може да се користат во и на храната без проценка и одобрение согласно овој правилник, под услов да се во согласност со член 10 став 1 од овој правилник и тоа:

(а) ароматични препарати наведени во член 5, став 1 точка 12, подточка (а) од овој правилник;

(б) ароми добиени со термичка постапка наведени во член 5, став 1 точка 13, подточка (а) од овој правилник, кои се во согласност со условите за производство на ароми добиени со термичка постапка и максималните нивоа за одредени супстанции во аромите добиени со термичка постапка наведени во Прилог 10 - Услови за производство на ароми добиени со термичка постапка и максимални нивоа за одредени супстанциии во ароми добиени со термичка постапка, кој е составен дел на овој правилник;

(в) прекурсори на ароми наведени во член 5, став 1 точка 15, подточка (а) и

(г) состојки на храната со особености на ароми наведени во член 5, став 1, точка 17 од овој правилник.

Член 14

Ароми и изворни материјали за кои е потребна проценка и одобрение

Одредбите од член 8, 14, 15 и 22 од овој правилник, во деловите кои се однесуваат на ароми, се применуваат на:

(а) ароматични супстанции;

(б) ароматични препарати наведени во член 5, став 1, точка 12, подточка (б) од овој правилник;

(б) ароми добиени со термичка постапка, кои се добиваат со загревање на состојки кои делумно или целосно се опфатени со член 5, став 1, точка 13, подточка (б) од овој правилник и/или за кои не се исполнети условите за производство на ароми добиени со термичка постапка и/или максималните нивоа за одредени непосакувани супстанции наведени во Прилог 10 на овој правилник;

(г) прекурсори на ароми наведени во член 5, став 1, точка 15, подточка (б) од овој правилник;

(д) други ароми наведени во член 5, став 1, точка 16 од овој правилник и

(ѓ) изворни материјали различни од храна наведени во член 5, став 1, точка 18, подточка (б) од овој правилник.

Член 15

Адитиви, ароми и прехранбени ензими опфатени во Правилникот за посебните барања за безбедноста на храната која содржи или е произведена од генетски модифицирани организми[3]

Адитивите, аромите и прехранбените ензими опфатени со Правилникот за посебните барања за безбедност на храната која содржи или е произведена од генетски модифицирани организми можат да бидат вклучени во листите од Прилог 2, 3, 6 и 11 на овој правилник само доколку се следи постапката за пуштање во промет утврдена согласно Правилникот за посебните барања за безбедност на храната која содржи или е произведена од генетски модифицирани организми.

Член 16

Промени во процесот на подготовка или во почетните материјали на адитивот вклучен во листата

Кога адитивот е веќе вклучен во листата и има значителна промена во неговиот производствен метод или во употребените почетни материјали, или постои промена во големината на честичките, на пример преку нанотехнологија, адитивот произведен со помош на овие нови методи или материјали се смета како различен адитив и за него, пред да биде пласиран на пазарот, треба да се бара ново вклучување во листите или промена во спецификациите.

Член 17

Употреба на адитиви во непреработена храна

Адитиви не се употребуваат во непреработената храна, освен кога ваквата употреба е предвидена во Прилог 2 од овој правилник.

Член 18
Употреба на адитиви во храна за доенчиња и мали деца

Адитиви не се употребуваат во храната наменета за доенчиња и мали деца согласно Правилникот за храна за посебна нутритивна употреба – млечна храна за доенчиња[4], вклучувајќи ја и онаа за специјални медицински намени, освен ако тоа не е посебно предвидено во Прилог 2 од овој правилник.

Член 19
Употреба на бои за означување

Само боите за храна наведени во Прилог 2 од овој правилник, треба да се користат за здравствено означување на свежо месо и за други означувања кои се бараат за месните производи, за бојадисување на лушпите на јајцата и за маркирање на лушпите на јајцата согласно Законот за безбедност на храна и Правилникот за посебните барања за храната од животинско потекло[5].

Член 20
Традиционални производи

Традиционалната храна за која одредени земји членки на ЕУ можат да налагаат забрана за употреба на одредени категории адитиви е наведена во Прилог 4 - Традиционална храна, кој е составен дел од овој правилник.

Член 21
Принцип на пренесување

Присуството на адитивот е дозволено:

1. во сложена храна различна од онаа наведена во Прилог 2 од овој правилник, каде што адитивот е дозволен во една од состојките на сложената храна;

2. во храната во која што адитивот, прехранбениот ензим или аромата е додаден/а, кога адитивот:

(а) е дозволен во адитивот, прехранбениот ензим или аромата во храната во согласност со овој правилник; и

(б) е пренесен во храната преку адитивот, прехранбениот ензим или аромата; и

(в) нема технолошка функција во финалниот производ.

3. во храната која треба да се користи единствено во подготовка на сложена храна под услов сложената храна да е во согласност со овој правилник.

Одредбите од став 1 од овој член не се применуваат за почетна формула за доенчиња, последователната формула за доенчиња, храната на житна основа, храната за бебиња и храната за специјални медицински намени наменета за доенчиња и мали деца согласно Правилникот за храна за посебна нутритивна употреба – млечна храна за доенчиња.

Кога адитивот во аромата, адитивот или прехранбениот ензим е додаден на храна и има технолошка функција во таа храна, се смета за адитив на таа храна, а не за адитив на додадената арома, адитив или прехранбен ензим и при тоа треба да е во согласност со условите за користење на таа храна.

Без да е во спротивност со став 1 од овој член, присуството на адитивот кој се користи како засладувач е дозволено во сложената храна без додадени шеќери, во ниско-енергетската сложена храна, во сложената храна за посебна нутритивна употреба наменета за нискокалорична исхрана, во сложената храна која не предизвикува кариес и во сложената храна со продолжен рок на траење, под услов засладувачот да е дозволен во една од состојките на сложената храна.

Член 22
Содржина на листите на адитиви, ароми и прехранбени ензими

Адитивот кој е во согласност со условите утврдени во член 10, 11 и 12 од овој правилник може да биде вклучен во:

(а) листата дадена во Прилог 2 од овој правилник и/или
(б) листата дадена во Прилог 3 од овој правилник.

За адитивите, аромите и изворните материјали и прехранбените ензими во листите дадени во Прилозите 2, 3, 6 и 11 од овој правилник, соодветно, се наведува:

(а) името на адитивот, аромата и изворниот материјал или прехранбениот ензим (за адитив се наведува и неговиот Е – број);

(б) храната во која што адитивот или прехранбениот ензим може да биде додаден;

(в) условите согласно кои може да се употребува адитивот, аромата или прехранбениот ензим;

(г) доколку е соодветно, ако постојат било какви ограничувања за продажба на адитивот, аромата или прехранбениот ензим директно до крајниот потрошувач.

(д) посебните барања во однос на означувањето на храната во која бил додаден адитивот, аромата или прехранбениот ензим со цел да се осигура дека крајниот потрошувач е информиран за физичката состојба на храната или за посебен третман на кој истата била изложена.

Прехранбените ензими во листата на одобрени ензими се дефинираат и со спецификациите на прехранбениот ензим, вклучувајќи го неговото потекло, критериумот за чистота и други информации.

Член 23
Ниво на употреба на адитивите

Кога се воспоставуваат условите за употреба дадени во член 22, став 2 точка (в) од овој правилник:

1. нивото на употреба треба да се постави на најниско потребно ниво за да се постигне саканиот ефект;

2. нивоата треба да го земат во предвид:

(а) секој прифатлив дневен внес или еквивалентна проценка, воспоставена за адитивот и веројатниот дневен внес од него од сите извори;

(б) каде што адитивот се употребува во храната наменета за посебните групи на потрошувачи, можниот дневен внес на адитивот од страна на потрошувачите во тие групи.

Доколку е соодветно, не треба да се одредува максимално нумеричко ниво за адитивот (quantum satis). Во тој случај адитивот треба да се употребува во согласност со начелото на quantum satis.

Максималните нивоа на адитиви утврдени во Прилог 2 на овој правилник се применуваат за храна која се пласира на пазарот, освен за сушена и/или концентрирана храна, која треба да биде реконституирана при што максималните нивоа се однесуваат на храната како реконституирана, во согласност со упатствата од означувањето водејќи сметка за минималниот фактор на разредување.

Максималните нивоа за бои утврдени во Прилог 2 на овој правилник се применуваат за количините на главното обојување, содржани во препаратот за боење, освен ако не е наведено поинаку.

Член 24

Присуство на одредени супстанции

Супстанциите наведени во дел А од Прилог 8 - Присуство на одредени супстанции, кој е составен дел на овој правилник, не се додаваат како такви на храната.

Максималните нивоа на одредени супстанции, природно присутни во ароми и/или состојки на храната со особини на ароми, во сложените прехранбени производи наведени во дел Б од Прилог 8 на овој правилник, не треба да се надминат како резултат на употребата на ароми и/или состојки на храната со особини на ароми во и на тие прехранбени производи. Максималните нивоа на супстанциите наведени во Прилог 8 на овој правилник се применуваат во прехранбените производи во облик во кој се стават на пазарот, освен за сушени и/или концентрирани прехранбени производи кои треба да се реконституираат при што максималните нивоа се применуваат на храната по реконституирање согласно упатствата на означувањето, имајќи го во предвид минималниот фактор на разредување.

Член 25

Употреба на одредени изворни материјали

Изворните материјали наведени во Прилог 9, дел А - Листа на изворни материјали за кои се применуваат ограничувања за нивната употреба во производството на ароми и состојки на храната со особини на ароми, кој е составен дел на овој правилник, не се користат за производство на ароми и/или состојки на храната со особини на ароми.

Ароми и/или состојки на храната со особини на ароми произведени од изворни материјали наведени во Прилог 9, дел Б на овој правилник може да се користат само според условите наведени во овој Прилог.

Поглавје III

Информации во однос на адитивите што се содржани во храната на пакувањето и придружната документација и квалитативната и квантитативна содржина на адитивите или на храната што содржи адитиви

Член 26

Означување на адитиви, ароми, прехранбени ензими и ензимски препарати кои не се наменети за продажба до крајниот потрошувач

Адитивите, аромите, прехранбените ензими и ензимски препарати кои не се наменети за продажба до крајниот потрошувач, без разлика дали се продаваат поединечно или измешани едни со други и/или со состојки на храна, како што е дефинирано во член 12 од Правилникот за начинот на означување на храната[6], треба да се продаваат само во согласност со член 27 од овој правилник, односно означувањето треба да биде лесно видливо, јасно читливо и небришливо. За ароми за кои се користи терминот ''природна'' треба да се применуваат и одредбите од член 30 на овој правилник.

Означувањето на адитивите, аромите, прехранбените ензими и ензимски препарати треба да биде на јазик кој е лесно разбирлив за купувачите и може да биде и на повеќе јазици.

Член 27

Општи барања за означување на адитиви, ароми, прехранбени ензими и ензимски препарати кои не се наменети за продажба на крајниот потрошувач

Кога адитивите, аромите, прехранбените ензими и ензимски препарати кои не се наменети за продажба до крајниот потрошувач се продаваат одделно или измешани едни со други и/или други прехранбени состојки, на нивните пакувања или контејнери треба да бидат содржани следниве информации:

1. името утврдено со овој правилник во однос на секој адитив, арома и прехранбен ензим или описот на производот што го вклучува името на секој адитив, арома и прехранбен ензим, при што:

а) адитивите може да го содржат и Е-бројот на адитивот или името да се замени со Е бројот на адитивот утврден во овој правилник;
б) аромите да го содржат зборот „арома“ или детален назив или опис на аромата или поспецифично име за опис на аромата и
в) кога не постои име за прехранбениот ензим да е наведено прифатено име утврдено во номенклатурата на Меѓународната Унија за биохемија и молекуларна биологија (IUBMB). При означувањето на ензимите треба да се наведе и активноста на прехранбениот ензим(и);

2. изјавата „за храна“ или изјавата „ограничена употреба во храна“ или детално упатување за планираната употреба за која се наменети;

3. доколку е неопходно, посебните услови на чување и/или употреба;

4. ознака со која се идентификува серијата или лотот;

5. упатство за употреба, ако неговото изоставување би ја спречила соодветната употреба на адитивот, аромата или прехранбениот ензим;

6. називот или деловниот назив и адресата на производителот, пакувачот или продавачот;

7. укажување за максималното количество на секоја компонента или група на компоненти, кои се предмет на квантитативно ограничување во храната и/или соодветни информации со јасно и лесно разбирливи термини кои овозможуваат да се применуваат барањата за означување. Кога истото ограничување во однос на количината се однесува на група компоненти што се користат одделно или во комбинација, комбинираниот процент може да се даде како единствена бројка. Ограничувањето на количината треба да се изрази или нумерички или преку принципот quantum satis;

8. нето-количина;

9. минималниот рок на траење или рокот на употреба;

10. каде што е применливо, информации за адитивот, аромата или прехранбениот ензим или останатите супстанциии наведени во овој член и наведени во Прилогот 3 од Правилникот за начинот на означување на храната[7], во однос на укажувањето на присутните состојки во прехранбените производи.

Кога адитивите, аромите и прехранбените ензими и/или прехранбените ензимски препарати се продаваат мешани едни со други и/или со други прехранбени состојки, нивните пакувања или контејнери треба да имаат листа на сите состојки во опаѓачки редослед на нивниот процент од вкупната тежина.

Кога супстанциите (вклучувајќи ги адитивите или други прехранбени состојки) се додадени на адитивите за да се олесни нивното чување, продажба, стандардизација, разредување или растворување, нивното пакување или контејнерите треба да содржат листа на сите вакви супстанции во опаѓачки редослед на нивниот процент од вкупната тежина.

По исклучок од ставовите 1, 2 и 3 на овој член, бараната информација во став 1, точка 5, 6 и 7 и во ставовите 2 и 3 на овој член, може да се содржи само во придружната документација која се однесува на пратката, која треба да се достави со или пред испораката, под услов ознаката “не е за малопродажба” да биде поставена на лесно видлив дел од пакувањето или на контејнерот за производот на кој се однесува.

По исклучок од ставовите 1, 2 и 3 на овој член, кога адитивите, аромите и прехранбените ензими се доставуваат во танкери, сите информации може да се содржат само во придружните документи кои се однесуваат на пратката која треба да се достави со испораката.

Член 28

Означување на адитивите, аромите и прехранбените ензими и ензимски препарати наменети за продажба до крајниот потрошувач

Без да е во спротивност со Правилникот за начинот на означување на храната[8] и Правилникот за посебните барања за безбедност на храната која содржи или е составена од генетски модифицирани организми, адитивите, аромите и прехранбените ензими и ензимски препарати кои се продаваат поединечно или измешани едни со други и/или со други прехранбени состојки и кои се наменети за продажба до крајниот потрошувач, може да се продаваат само ако нивните пакувања ги содржат следните информации:

1. името утврдено со овој правилник во однос на секој адитив, арома и прехранбен ензим или описот на производот што го вклучува името на секој адитив, арома и прехранбен ензим;
   а) адитивите може да го содржат и Е-бројот на адитивот или името да се замени со Е бројот на адитивот утврден во овој правилник;
   б) аромите да го содржат зборот „арома“ или детален назив или опис на аромата или поспецифично име за опис на аромата и
   в) кога не постои име за прехранбениот ензим да е наведено прифатено име утврдено во номенклатурата на IUBMB.

2. изјавата „за храна“ или изјавата „ограничена употреба во храна“ или детално упатување на нивната планирана употреба.

По исклучок од став 1 точка 1 од овој член, описот при продажбата на трпезни засладувачи, го вклучува терминот „трпезен засладувач врз основа на...“, користејќи име/иња на засладувач/и употребен/и во составот.

Означувањето на трпезните засладувачи кои содржат полиоли и/или аспартам и/или аспартам-ацесулфламова сол, ги содржи следниве предупредувања:

1. полиоли „прекумерното користење може да предизвика лаксативни ефекти“ и

2. аспартам и/или аспартам-ацесулфамова сол: „содржи извор на фениланин.“

Производителите на трпезните засладувачи треба да ги стават на располагање неопходните информации преку средствата за јавно информирање и својата web страница за да им овозможат на своите потрошувачи безбедно користење.

Доколку терминот „природна“ се користи за опишување на арома при описот за продажба наведен во член 27, став 1 точка 1 подточка (б) од овој правилник, се применува членот 30 од овој правилник.

Во однос на информациите дадени во ставовите 1, 2 и 3 од овој член треба да се применуваат и одредбите од Правилникот за начинот на означување на храната.

Член 29

Барања за означување на храна која содржи одредени прехранбени бои

Без да е во спротивност со Правилникот за начинот на означување на храната, означувањето на храната која содржи прехранбени бои наведени во Прилог 5 - Листа на прехранбени бои наведени во член 29 за кои означувањето на храната треба да содржи дополнителни информации, кој е составен дел од овој правилник, треба да вклучува дополнителни информации кои се дадени во Прилогот.

Во однос на информациите дадени во ставот 1 од овој член треба да се применуваат одредбите од Правилникот за начинот на означување на храната.

Член 30

Посебни барања за користење на терминот „природна“

Доколку терминот „природна“ се користи за опишување на арома во описот за продажба наведен во член 27, став 1 точка 1, подточка (б) од овој правилник, се применуваат ставовите 2, 3, 4, 5 и 6 на овој член.

Терминот „природна“ за опишување на арома може единствено да се користи ако компонентата на аромата содржи единствено ароматични препарати и/или природни ароматични супстанции.

Терминот „природни ароматични супстанции“ може единствено да се користи за ароми во кои компонентата на аромата содржи исклучиво природни ароматични супстанции.

Терминот „природна“ може единствено да се користи во комбинација со упатување на храна, категорија на храна или извор на растителна или животинска арома, доколку компонентата на аромата била исклучиво добиена од наведениот изворен материјал или со најмалку 95 тежински % (w/w) од тој изворен материјал.

Описот гласи „природна“ храна(-и) или категорија на храна или извор(-и) „арома“.

Терминот „природна“ храна или категорија на храна или извор(-и) „арома со други природни ароми“ може единствено да се користи доколку компонентата на аромата е делумно добиена од наведениот изворен материјал, чијашто арома може лесно да се препознае.

Терминот „природна арома“ може единствено да се користи доколку компонентата на аромата е добиена од различни изворни материјали и кога упатувањето на изворните материјали не ја одразува нивната арома и вкус.

Член 31

Останати барања за означување

Одредбите од членовите 26, 27, 28, 29 и 30 од овој правилник се применуваат без да се во спротивност со одредбите од други прописи кои се однесуваат на тежините и мерките или на презентирањето, класификацијата, пакувањето и означувањето на опасните супстанции и препарати или на транспортот на таквите супстанции и препарати.

Член 32

Квалитативна и квантитативна содржина на адитивите или на храната што содржи адитиви

Квалитативната и квантитативна содржина на адитивите или на храната што содржи адитиви е дадена во Прилог 2 и Прилог 3, од овој правилник.

Поглавје IV

Преодни и завршни одредби

Член 33

Одредбите од овој правилник престануваат да важат со денот на пристапувањето на Република Македонија во членство во Европската Унија.

Член 34

Со денот на влегување на сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за адитивите што можат да се употребуваат во производство на храна („Службен весник на Република Македонија“ бр. 118/05, 132/07 и 147/10) освен одредбите од член 3, точки 8 и 9, членовите 4-а, 4-б, 4-в, 4-г и 4-д и одредбите од Прилог 6 – Специфични критериуми за чистота на адитивите и Прилог 7 - Екстракциони растворувачи кои можат да се употребуваат во тек на преработката на суровини, на храната, на делови од храната или на состојки на храната.

Член 35

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-985/1
22 февруари 2012 година
Скопје

Директор
на Агенција за храна и ветеринарство,
Дејан Рунтевски, с.р.

Прилог 1

Функционални класи на адитиви во храна, адитиви и ензими кои се категоризирани врз основа на технолошката функција која адитивот ја има во прехранбениот производ;

1. „засладувачи“ се супстанции кои се употребуваат со цел придавање на сладок вкус на храната или на трпезните засладувачи;

2. „бои“ се супстанци кои се додаваат или ја освежуваат бојата на храната и вклучуваат природни состојки за храна и природни извори кои обично не се консумираат како храна и кои вообичаено не се употребуваат како карактеристични состојки на храната. Во смисла на овој правилник, бои се препарати добиени од храната или од други хранливи природни материјали произведени со физичка и/или хемиска екстракција која резултира со селективна екстракција на пигментите во однос на хранливите или ароматични состојки;

3. „конзерванси“ се супстанции што го продолжуваат рокот на траење на храната преку заштита од расипување предизвикани од микроорганизми и/или ја штитат од растот на патогени микроорганизми;

4. „антиоксиданси“ се супстанции што го продолжуваат рокот на траење на храната и ја заштитуваат од расипување предизвикано од оксидација, како масно скиселување и промени во бојата;

5. „носачи“ се супстанции што се употребуваат со цел растворање, разредување или диспергирање или на друг начин физички го модифицираат адитивот или аромата, прехранбениот ензим, нутриенс и/или друга супстанција додадена поради нутритивни или физиолошки цели на храната, без да ја променат нејзината функција (и без да било какво технолошко влијание самата), со цел да се олесни нејзиното ракување, примена или употреба;

6. „киселини“ се супстанции кои што ја зголемуваат киселоста на прехранбените производи и/или и даваат кисел вкус;

7. „регулатори на киселост“ се супстанции што ја менуваат или ја контролираат киселоста или алкалноста на прехранбениот производ;

8. „агенси против стврднување" се супстанции што ја намалуваат тенденцијата на поединечните честички на прехранбениот производ да се врзуваат еден со друг;

9. „агенси против пенење“ се супстанции што ја спречуваат или намалуваат пенливоста;

10. „агенси за зголемување на волуменот“ се супстанции што го зголемуваат волуменот на прехранбениот производ без значително да придонесуваат кон неговата расположлива енергетска вредност;

11. „емулгатори“ се супстанции што овозможуваат формирање или одржување на хомогена смеса на две или повеќе немешливи фази, како што се масло и вода во прехранбениот производ;

12. „соли за емулгација“ се супстанции што ги претвораат протеините содржани во сирењето во дисперзирана форма и на тој начин придонесуваат за хомогена дистрибуција на мастите и другите компоненти;

13. „агенси за зацврстување“ се супстанции што го прават или одржуваат ткивото на овошјето или зеленчукот цврсто или свежо или реагираат со агенсите за желатинизирање со цел производство или зацврстување на гелот;

14. „засилувачи на аромата“ се супстанции кои што го засилуваат постоечкиот вкус и/или мирис на прехранбениот производ;

15. „агенси за пенење“ се супстанции што овозможуваат да се формира хомогена дисперзија на

гасната фаза во течен или цврст прехранбен производ;

16. „агенси за желатинизирање“ се супстанции што му даваат на прехранбениот производ форма преку формирање на гел;

17. „агенси за глазирање“ (вклучувајќи ги и лубрикантите) се супстанции што кога се применуваат на надворешната површина на прехранбениот производ, му даваат сјаен изглед или обезбедуваат заштитна обвивка;

18. „хигроскопни средства“ се супстанции што спречуваат сушењето на прехранбениот производ и на тој начин го спречуваат ефектот на ниска влажност од атмосферата или го помагаат растворувањето на правот во течен медиум;

19. „модифицирани скробови“ се супстанции добиени од еден или повеќе хемиски третмани на скробот наменет за консумација, кои можеби биле подложени на физички или ензимски третман и може да бидат кисленски или алкално разредени или избелени;

20. „гасови за пакување“ се гасови со исклучок на воздухот, внесени во пакувањето пред, за време на или по ставањето на прехранбениот производ во пакувањето;

21. „пропеланти“ се гасови со исклучок на воздухот кои го потиснуваат прехранбениот производ од пакувањето;

22. „агенси за нараснување“ се супстанции или комбинации од супстанции кои што ослободуваат гас, и на тој начин го зголемуваат волуменот на тестото;

23. „секвестранти“ се супстанции кои што формираат хемиски соединенија со метални јони;

24. „стабилизатори“ се супстанции кои што овозможуваат одржување на физичко-хемиската состојба на прехранбениот производ; Во стабилизатори спаѓаат и супстанции кои овозможуваат одржување на хомогената диспезија на две или повеќе супстанции кои не можат да се мешаат во прехранбениот производ, супстанции со кои се стабилизира, се задржува или се интензивира постоечката боја на прехранбениот производ и супстанции кои го зголемуваат капацитетот на врзување на храната, вклучувајќи го и формирањето на меѓусебни врски помеѓу протеините кои го овозможуваат поврзувањето на парчињата храна во реконституирана храна.

25. „згуснувачи“ се супстанции кои го зголемуваат вискозитетот на прехранбениот производ;

26. „средства за третман на брашно" се супстанции, со исклучок на емулгатори, кои се додаваат на брашното или тестото со цел да се подобри квалитетот на печењето.

Прилог 2

Листа на адитиви дозволени за употреба во храна како и услови за нивна употреба

Дел А

1. Вовед

Во оваа листа се вклучени:

- името на адитивот и неговиот Е број,
- храната во која што адитивот може да биде додаден,
- условите под кои адитивот може да биде употребен,
- ограничување на продажбата на адитивот директно до крајниот потршувач

2. Општи одредби за наведени адитиви во храна и услови за нивна употреба:

1. Само супстанциите наведени во Дел Б може да се употребуваат како адитиви во храната.
2. Адитивите може да бидат употребени само во храна и само под условите утврдени во Делот Д од овој Прилог.
3. Во Делот Д на овој Прилог, прехранбените производи се наведени врз основа на категориите храна наведени во Делот Г на овој Прилог, а адитивите се групирани врз основа на дефинициите наведени во во Делот В на Прилогот.
4. Алуминиумски пигменти подготвени од наведените бои се дозволени.
5. Боите Е123, Е 127, Е 160б, Е 173 и Е 180, не може да се продаваат директно до крајниот потрошувач.
6. Супстанциите наведени под броевите Е 407, Е 407а и Е 440 може да бидат стандардизирани со шеќери, само доколку ги задоволуваат условите наведени во прилог на бројот и називот.
7. Кога се означени „за употреба во храна“, нитритите може да бидат продавани само во смеша со сол или замена на сол.
8. Прниципот на пренесување („carry over“ принципот) утврден во член 21 од овој правилник, не се однесува на прехранбените производи наведени во Табела 1 во врска со адитивите воопшто, и во Табела 2, што се однесува до прехранбените бои.

Табела 1

Храна во која што присуството на адитиви не може да биде дозволено врз основа на „принципот на пренесување“ утврден во член 21 од овој правилник

1	Непреработена храна како што е дефинирано во член 5, став 4 од овој правилник
2	Мед
3	Неемулгирани масла и масти од животинско и растително потекло
4	Путер
5	Неароматизирано пастеризирано и стерилизирано (вклучувајќи UHT) млеко и неароматизирана обична пастеризирана павлака (со исклучок на павлака со ниска содржина на масти)
6	Неароматизирани ферментирани млечни производи, кои после ферментација не се подложени на топлински третман
7	Неароматизирана маштеница (со исклучок на стерилизирана маштеница)
8	Природна минерална вода, изворска вода и сите други флаширани или пакувани води
9	Кафе (со исклучок на ароматизирано инстант кафе) и екстракти од кафе
10	Неароматизиран зелен чај
11	Шеќер
12	Суви тестенини, со исклучок на тестенини без глутен и/или тестенини наменети за нископротеински диети, согласно Правилникот за посебните барања за безбедност на храната за посебна нутритивна употреба[9]

Табела 2

Храна во која што присуството на прехранбени бои не може да биде дозволено врз основа на „принципот на пренесување“ утврден во член 21 од овој правилник

1	Непреработена храна како што е дефинирано во член 5, став 4 од овој правилник
2	Сите флаширани и пакувани води
3	Млеко, полномасно, полумасно и обезмастено млеко, пастеризирано или стерилизирано (вклучувајќи UHT стерилизација) (неароматизирано)
4	Чоколадно млеко
5	Ферментирано млеко (неароматизирано)
6	Конзервирани млека (неароматизирани)
7	Маштеница (неароматизирана)
8	Павлака и павлака во прав (неароматизирана)
9	Масла и масти од животинско или растително потекло
10	Зрело и младо сирење (неароматизирано)
11	Путер од овчо и козјо млеко
12	Јајца и производи од јајца
13	Брашно и други мелнички производи и скробови
14	Леб и слични производи
15	Тестенини и кнедли
16	Шеќер, вклучувајќи ги сите моно- и дисахариди
17	Доматно пире, конзервирани домати и домати во шишиња
18	Сосови базирани на домати
19	Овошен сок и овошен нектар , сок од зеленчук и нектар од зеленчук
20	Овошје, зеленчук (вклучувајќи компири) и печурки – конзервирани, пакувани во стаклена амбалажа или сушени; преработено овошје, зеленчук (вклучувајќи компири) и печурки
21	Екстра џем, екстра желе и пире од костени; crème de pruneaux
